Врз основа на член 384 од Законот за трговските друштва и член 42 и член 44 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, до акционерите на Банката, објавува:

**ПОВИК**
**за учество на 31-ва Редовна годишна седница на Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**

Годишното собрание на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, ќе се одржи на ден 04.05.2023 година (четврток), со почеток во 11:00 часот, во просториите на Банката на ул. "Максим Горки" бр.6, Скопје, со следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ
1.Отворање на Собранието
2.Избор на работни тела на Собранието
- избор на Претседавач на Собранието;
- избор на бројач на гласови и
- избор на записничар.

II. РАБОТЕН ДЕЛ
1. Разгледување на Извештај за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2022 година, со писмено мислење по истиот од страна на Надзорен одбор и Предлог Одлука за усвојување на извештајот со писмено мислење;
2. Разгледување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка за 2022 година, со предлог Одлука за усвојување на извештајот;
3. Разгледување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за период 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, со Предлог Одлука за усвојување;
4. Разгледување на Извештај од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2022 година од Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и писмено мислење од Надзорниот одбор, со Предлог Одлука за усвојување на извештајот и писменото мислење;
5. Предлог Одлука за употреба и распоредување на добивка за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година;
6. Предлог Одлука за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2022 година (дивиденден календар);
7. Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на перпетуална обврзница – Прва емисија;
8. Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на перпетуална обврзница – Втора емисија;
9. Предлог Одлука за именување на Друштво за ревизија, кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2023 година;
10. Разгледување на Деловник за работа на Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје со Предлог Одлука за усвојување;
11. Предлог Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка Ад Скопје и

12. Предлог Одлука за исплата на награда на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.

Правото на учество во работата на Собранието и правото на глас е условено со пријавување на акционерите, односно нивните застапници, најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавувањето на акционери - правни лица се врши со доставување на пријава, потпишана и заверена од надлежен орган на правното лице.

Пријавувањето на акционер - физичко лице се врши писмено, со доставување на пријава лично потпишана од физичкото лице.

**Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот на Банката и Законот за трговските друштва.**

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред со образложение за предложените точки или предлог одлуки по точките од дневниот ред, во рок од 8 дена од денот на оваа објава.

Акционерите можат да достават предлози за вклучување нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки и прашања најдоцна до 11.04.2023 година. Предлогот заедно со документите за идентификација мора да биде примен во просториите на Банката најдоцна до 11.04.2023 година, до 16:00 часот. Подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет страница на Банката www.unibank.mk.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да ја извести Банката по писмен пат или електронски. Податоци за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на Банката www.unibank.mk.

Полномошната и пријавите да се достават најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Материјалите за седницата на Собранието ќе бидат достапни на акционерите од денот на објавување на јавниот повик, секој работен ден во просториите на Банката на ул.”Максим Горки” бр.6 во Скопје и на интернет страницата на Банката www.unibank.mk.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговските друштва.

Обрасците за гласање се достапни на официјалната интернет страница на Банката www.unibank.mk. Акционерите можат пополнетиот образец за гласање заедно со валиден документ за лична идентификација, да ги достават во седиштето на Банката на ул.“Максим Горки” бр.6 во Скопје, секој работен ден во период од 24.04.2023 година од 08:00 часот до 03.05.2023 година до 14:00 часот.